е-мобилност

Партизански Одреди 74 / 14 Скопје
info@elektromobilnost.mk
www.elektromobilnost.mk
тел. +389 70 266 383
Централен Регистар на РМ – ЕМБС: 6841864
Трансакциска сметка НЛБ: 210 – 068418640159
Единствен даночен број: 4057013520204

ОПШТИНА ЦЕНТАР - Скопје

| Примено: 18.07.2018 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| | | | |

До
Општина Центар

Претседател на Совет на Општина Центар

**Предлог:**
***Иницијатива за овозможување бесплатни паркинзи за електричните и хибридни возила на сите отворени паркинзи и катни гаражи***

На 07 јули 2015 година, Здружението за електрични возила ЕЛЕКТРОМОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА Скопје до Општина Центар, преку архива, достави предлог иницијатива за бесплатни паркинзи за електрични и хибридни возила.

Согласно иницијативата, Советот на Општина Центар со одлука од 31 август 2015 година, објавена во Службен гласник на Општина Центар бр.12 од 04 септември 2015 година, даде согласност за измени и дополнување на Правилникот за начинот и постапката за издавање на повластена паркинг карта за јавни паркиралишта со наплата бр. 02-7415/14 од 28 ноември 2014 година. Јавното Претпријатие „Паркинзи" на Општина Центар – Скопје изврши дополнување во Поглавје IX. 4 (Паркинг карта за сопственици на електрични и хибридни возила - ПЕХ) - член 37. Имено, во член 37 покрај другото пишува: *„Корисниците на ППК-ПКЕХ имаат право на бесплатно користење единствено на отворените јавни паркиралишта во паркинг секторот каде што се поставени постројки за напојување на возилата, како и катната гаража Судска палата."*

Согласно правилникот на ЈП „Паркинзи" сметаме дека целта не е постигната. Општина Центар дозволува бесплатно паркирање единствено во катната гаража Судска палата и на оние места каде има поставено постројки за напојување на возилата (а такви де факто не постојат на површината на која стопанисува ЈП „Паркинзи" и после три години од промените на Правилникот). Општина Центар само декларативно стои зад промовирање на новите трендови во мобилноста и поддршката за користење и омасовување на електромобилноста во Општина Центар и Градот Скопје.

Од тие причини, Организацијата за електрични возила во Македонија - **Електромобилност Македонија**, бара од Општина Центар да им овозможи на компаниите и физичките лица кои располагаат со електрични и/или хибридни возила кои делуваат во Општина Центар преку ЈП „Паркинзи" - ПОЦ, **бесплатен (временски неограничен) паркинг на сите отворени паркинзи и катни гаражи на целата територија на општината каде стопанисува ЈП „Паркинзи"**.

Со позитивен одговор на нашето барање, сметаме дека Општина Центар ќе ги потврди јасните заложби и определби за здрава животна средина и поддршка на граѓаните и компанииите, за масовно користење на електричните и приклучни хибридни возила и во исто време ќе постави пример и за другите општини во Градот и низ државата, со јасна определба и поддршка за електромобилноста.

Со почит,

Подносител

Дата 17 јули 2018 година

Здружение за електрични возила
Електромобилност Македонија

Здружение за електрични возила
ЕЛЕКТРОМОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА
Скопје